БАС
Институт за менаџмент

# Приватна научна установа
# БАС Институт за менаџмент - Битола

## Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН РАБОТНИК ВО НАУЧНО И НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ – ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНОТО ПОЛЕ 503 ЕКОНОМСКИ НАУКИ, НАСТАВНА ОБЛАСТ 50329 ДРУГО-ЕКОНОМИЈА

Врз основа на конкурсот на Приватната научна установа БАС Институт за менаџмент Битола во дневниот весник Нова Македонија и Лајм на ден 11.05.2018 година, за избор на научен работник во научно и наставно-научно звање од полето 503 Економски науки, за наставната област 50329 Друго – Економија и врз основа на одлуката на Наставно- научниот совет со бр. 02-16/06 од 31.05.2018 година формирана е Рецензентска комисија во состав: ред. проф. д-р Сретен Миладиноски од МИТ Универзитет Скопје, ред. проф. д-р Маријан Стевановски од МИТ Универзитет Скопје и ред. проф. д-р Емилија Стевановска од БАС Институт за менаџмент Битола.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија го доставува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот во предвидениот рок, се пријави еден кандидат **доц. д-р Маја Кочоска**. Во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на овој кандидат од изборот за доцент до моментот на пријава на конкурсот.

### 1. Биографски податоци и образование

Маја Кочоска е родена на 05. 07. 1979 во Скопје. Додипломски студии завршила во октомври 2004 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Економски факултет – Скопје и се стекнала со називот Дипломиран економист.

Постдипломски студии завршила декември 2009 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Економски факултет – Скопје и се стекнала со звање, Магистер по економски науки.

Докторирала на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Економски факултет – Скопје во септември 2013 на тема: „Маркетинг стратегии и тактики во прехранбената

индустрија во Р. Македонија наспроти земјите од ЕУ" и се стекнала со звање доктор по економски науки.

Моментално работи како научен соработник и доцент во БАС институтот за менаџмент Битола.

2. **Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Доц. д-р Маја Кочоска во периодот од 2013 до 2018 година изведувала настава, вежби, консултации на прв и втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски-БАС Скопје соодветно на двете студиски програми по Оперативен и Стратегиски менаџмент по предметите: Вовед во бизнис, Вовед во микроекономија, Вовед во менаџерско сметководство, Деловни финансии, Маркетинг, Грижа за муштерии, Стартирање на нов бизнис, Компаниски и инвестициски финансии и Стратегиски маркетинг.

Исто така, била раководител и учесник на неколку обуки и работилници, подготвила комплетни наставни материјали за шест предмети и е автор на универзитетскиот учебник по Маркетинг издаден 2017 година.

Била ментор на 4 специјалистички трудови и член во 12 комисии за оценка и одбрана на специјалистички трудови.

Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и 2, кои се доставуваат како дел од овој реферат.

**Научно-истражувачка дејност**

Доц. д-р Маја Кочоска за периодот на избор од доцент до пријавувањето на конкурсот има објавено 23(дваесет и три) трудови од кои 3(три) трудови со оригинални научни резултати во научни списанија, 18 (осумнаесет) трудови со оригинални научни резултати објавени во зборници на трудови од научни собири со меѓународни уредувачки одбори и 5 (пет) трудови со оригинални научни и стручни резултати објавени во зборник на трудови од научни и стручни собири.

Учесник е во национален научно-истражувачки проект ВИКО (Влијание на иновативноста врз конкурентноста на организациите) кој го реализира БАС Институтот за менаџмент во Битола.

Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и 2, кои се доставуваат како дел од овој реферат.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Доц. д-р Маја Кочоска автор е на учебникот Маркетинг објавен во 2017 година од Бизнис академија Смилевски-БАС Скопје.

Реализирала експертски активности од својата област, одржала предавања на институции од јавен интерес и културно-информативни центри.

Координатор е за подготовката на елаборат за нова студиска програма по Маркетинг менаџмент и учествувала на повеќе работилници за професионално усовршување и била ангажиран како консултант/асистент на голем број обуки.

Претседател е на програмски одбор на симпозиумите на БАС, член на програмските одбори на меѓународните научни конференции на БАСИМ.

Изработила неколку меѓународни проекти Еразмус, член е на голем број на комисии за избор во звања, како и комисии за трансфер на кредити, уписи, подготовки на елаборати, правилници и друго.

Ментор е на помлад наставник од наставната област Економија.

Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и 2, кои се доставуваат како дел од овој реферат.

**Оценка од самоевалуација**

Доц. д-р Маја Кочоска на повеќе семестри претходно, како и последната за 2017/18 година доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис академија Смилевски БАС Скопје.

## II. Заклучок и предлог на рецензентската комисија

Комисијата позитивно ги вреднува резултатите на кандидатот во наставно-образовната дејност, научно-истражувачката дејност, стручно-апликативната дејност и во дејностите од поширок интерес.

Врз основа на севкупните активности на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата оценува дека д-р Маја Кочоска ги исполнува условите според Законот за високо образование и Правилникот за избор во научни, наставно-научни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола за избор во наставно-научно звање вонреден професор и научно звање виш научен соработник во научното поле 503 Економски науки, научна област 50329 Друго – Економија.

Поради тоа, со задоволство му предлагаме на Наставно- научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, кандидатот доц. д-р Маја Кочоска да ја избере во наставно-научно звање **вонреден професор** и во научното звање **виш научен соработник** во научното поле 503 Економски науки, научна област 50329 Друго - Економија на БАС Институтот за менаџмент во Битола.

Битола, 18.07.2018

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Ред. проф. д-р Сретен Миладиноски
2. Ред. проф. д-р Маријан Стевановски
3. Ред. проф. д-р Емилија Стевановска